| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Тетово-Гостивар, општина Тетово, општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, општина Гостивар (км 37+716 – 53+127) |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Градежен Институт Македонија АД Скопје |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт и врски на РСМ |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Славица Чавдаровска Наумова, дипл.инж.арх (овластување бр. 0.0469) |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | ул. Дрезденска бр. 52, 1000 Скопје<br>тел. 02/3066-836 |

| Основни податоци за планскиот документ |
| --- |
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Градби од стратешки интерес се државни патишта, железнички пруги, магистрални гасоводи, како и други градби од јавен интерес, кои се реализираат како стратешки инвестициони проекти или проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, а чија изградба како градби од јавен интерес е предвидена со урбанистички проект за градби од стратешки интерес, одобрен во согласност со Законот за урбанистичко планирање. Согласно Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија (Сл. Весник на РСМ бр.163/21,111/23) потребно е да се изработи проектна документација за градби од стратешки интерес за изградба на Патен Коридор 8, Делница на автопат: Тетово-Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Гостивар.<br>Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, Делница на автопат: Тетово – Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Гостивар, треба да се изработи согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23) и останатата законска регулатива која е релевантна за проектниот процес и реализација на проектот. Со Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес, согласно чл. 63-а од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23), треба да се уреди проектниот опфат за изградба на државниот пат. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да X<br>Не ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА – транспорт и планирање на просторот. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |
| Согласно планот за изградба дефиниран од страна на проектантот и ивеститорот, делницата од Тетово до Гостивар е поделена на 2 (две) секции, а проектната документација ќе биде оформена во една целина, засебно со сите содржини. Со овој метод на Планирање по брза лента" (Fast track planning), со планската програма се предвидува паралелно проектирање и изведба на работите во трите предвидени фази.<br>• Првата секција 1А го опфаќа проектниот правец во должина од км 35+718 до км 44+600 и<br>• Втората секција 1Б го опфаќа проектниот правец во должина од км 44+600 до км 53+127.<br>Првата секција е во должина од 8.882 км и се протега на постојниот патен правец од |

наплатната рампа Тетово до с. Градец, општина Врапчиште. Во оваа делница влегуваат општините Тетово, Брвеница и Боговиње.
Втората секција е во должина од 8.527 км и се протега на постојниот патен правец од с. Градец, општина Врапчиште до наплатна рампа Гостивар. Во оваа делница влегуваат општините Врапчиште и Гостивар.
Согласно Уредбите за определување на дејности по категории, сметаме дека, овој проект спаѓа во Прилог 1, точка XI-Инфраструктурни проекти, потточка 14–Изградба на автопати и магистрални патишта од Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 80/09 и 36/12) и (Сл. Весник на РСМ бр. 233/22).

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

Не.

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 916,83 ха, а должината на планираната траса изнесува околу 17,5 км. Површината за која се издадени Условите за планирање на просторот изнесува приближно 533,5 ха.

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

На основа направената детална сообраќајна анализа и анализата на условите на теренот, како оптимално и најрационално прифатливо решение кое овозможува изградба на современа делница на Коридорот 8 согласно утврдените меѓународни стандарди за ваков тип на патни правци и со цел на избегнување на зафаќање на нов плански опфат и деградација на нови земјени површини од еколошки, економски и социјален аспект за изградба на делницата со Проектната програма е прифатено решението да проектниот правец на трасата на автопатот го прати постојниот пат.
Со избраното решение за изградба на делницата на Коридорот 8 се овозможува имплементирање и развој на одржлив транспортен сектор и изградба на сообраќајна инфраструктура, што ќе се интегрира во Транс-европската транспортна сообраќајна мрежа, регулирана во согласност со начелата на почитување на универзалното право на „мобилност“ за сите и усогласена со правилата и регулативите на Европската Унија.
Со реализацијата на проектот, ќе се намали времето за патување, ќе се зголеми економичноста, удобноста и безбедноста на сообраќајот, согласно современите сообраќајни стандарди, ќе се подобри одводнувањето на патот, ќе се подобри состојбата на мелирационите канали, ќе се подобри сообраќајната комуникација на локалното население и ќе се овозможи поврзување со инфраструктурната мрежа на патниот правец А2, кој е дел од патната мрежа на Република Северна Македонија и регионалната инфраструктурна сообраќајна мрежа.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2023 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено**

**ревидирање, на колку години?**

/

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Предметниот патен правец се протега во западниот дел на Р.С. Македонија, од Тетово до Гостивар и претставува дел од патната мрежа на Република С. Македонија, односно од патниот правец А2. Оваа делница генерално може да се дефинира од наплатна станица Тетово, до наплатна станица Гостивар, односно почетокот би бил пред постојната наплатна станица кај Тетово, а крајот би бил пред постојната наплатна станица во Гостивар, во насока од Тетово кон Гостивар. Вкупната должина на оваа делница е околу 17.5 км.






**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☐
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**
**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните**

| | |
|---|---|
| **прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
| Активностите на изведбата може да влијаат врз животната средина на различни начини доколку:<br>• трајна промена на пределот со воведување на дополнителни конструктивни објекти изградени од човекот;<br>• исфрлање на отпад од изведбата, градежен шут и сл. во блиските слободни површини;<br>• деградација на одредени заедници на растенија и на вегетацијата доколку се сретнат;<br>• возмениреност од продуцираната бучава и вибрации, присуството на механизација и луѓе;<br>• локална контаминација на почвата од гасови, моторни масла, лубриканти итн. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација за изградба, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектот се проценуваат како не многу значајни, но со долгорочен карактер, имајќи го предвид фактот дека планираниот објект долгорочно ќе опстојува на оваа локација. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Географската положба на опфатот претставува делумно рамно подрачје и делумно на благонаклонето земјиште.<br>Според податоците од Пописот од 2021 година во општина Тетово живеат вкупно 84770 жители.<br>Според податоците од Пописот од 2021 година во општина Брвеница живеат вкупно 13645 жители.<br>Според податоците од Пописот од 2021 година во општина Боговиње живеат вкупно 22906 жители.<br>Според податоците од Пописот од 2021 година во општина Врапчиште живеат вкупно 19842 жители.<br>Според податоците од Пописот од 2021 гододина во општина Гостивар живеат вкупно 59770 жители. |

| | |
|---|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општините, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Тетово-Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Гостивар, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарските општини Мала Речица, Голема Речица, Долно Палчиште, Долно Седларце, Камењане, Боговиње, Пирок, Градец, Неготино-Полошко, Добридол, Галате, Врапчиште, Зубовце и Дебреше има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети, а на подрачјето на катастарските општини Горно Седларце и Жеровјане нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Согласно проектното решение на трасата на автопатот го прати постојниот пат. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Просторот за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Тетово-Гостивар се наоѓа во третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче. |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>Преставува иницијатива и инструмент за заштита и унапредување на квалитетот на живеењето и животната средина. | |

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**
Не.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**
Имплементацијата на планската содржина предвидена со проектот ќе допринесе за развој на општините и државата во целост.
Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:
Воздух: зголемена фрекфенција на возила;
Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства;
Вода: на предметната локација нема да се генерираат отпадни води;
Почва: инцидентни случаи на хаварии или сообраќајни незгоди;
Природно и културно наследство: во близина на предметната локација има заштитени добра од културно и историско значење.
Од аспект на одржливост, донесувањето на проектот позитивно ќе влијае врз:

- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
Овој проект ќе го намали аерозагадувањето на предметната делница, додека се очекува да има зголемена фрекфенција на превозни средства.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
Овој план е поврзан со:

- Просторен план на РМ;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа**

| |
|---|
| **оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Нема спроведено претходна оценка. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спровдување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.<br>Согласно Уредбите за определување на дејности по категории, сметаме дека, овој проект спаѓа во Прилог 1, точка XI-Инфраструктурни проекти, потточка 14–Изградба на автопати и магистрални патишта од Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 80/09 и 36/12) и (Сл. Весник на РСМ бр. 233/22). |

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |

| | |
|---|---|
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Министер<br>Благој Бочварски |
| Бр. 67-3993/5<br>Датум: 28.09.2023 год.<br>Место: Скопје | М.П. |